# УПАТСТВО

# ГРАЃАНСКА СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

При изготвување на студијата на случај врз основа на која кандидатите на почетна обука ќе треба да изготват писмена одлука во граѓански случај, од особено значење е во истата да бидат содржани сите податоци кои се потребни за да се изготви одлуката. Исто така, неопходно е истите да бидат дадени на таков начин што ќе може да се оцени и анализира спсобноста на кандидатот истите да ги воочи, да направи дистинкција помеѓу битни **(важни)** и небитни **(неважни)** наводи, факти и докази и врз таа основа да се оцени неговата способност и вештина правилно и целосно да ја утврди фактичката состојба, да изврши анализа на доказите и да го примени материјалното право, како по однос на главната работа, така и по однос на споредните барања како што се каматата и трошоците на постапката, **(а воедно правилно да го примени и процесното право согласно одредбите од ЗПП).** Предмет на оценка е писмено изработената одлука во целина и сите нејзини елементи согласно ЗПП: увод, изрека, образложение, како правната поука и дополнителните елементи согласно Судскиот деловник како што се: налогот за такса и доставната наредба.

Исто така од особена важност е податоците кои ќе бидат дадени во студијата на случај да не бидат идентични со вистинските податоци од предметот од кој ќе биде преземена или модифицирана и прилагодена студијата на случај. Потребно е податоците да бидат дадени на таков начин што ќе се обезбеди анонимност и ќе се оневозможи да се идентификува предметот од кој е превземена студијата. При изготвување на студијата и нејзиниот обем важно е да се внимава и на времето кое кандидатите го имаат заради изготвување на одлуката.

Податоците кои е особено потребно да се содржани во студијата на случај се следните:

-назив на судот кој ја донел одлуката

-име и презиме на претседателот и на членовите на советот, односно судијата поединец

-податоци за странките **(име и презиме, живеалиште, односно престојувалиште на странките, на нивните застапници, старатели и полномошници)** и замешувачот **(односно претставникот)** доколку го има

-кратко означување на предметот на спорот (долг, надомест на штета, стекнување без основа, утврдување право на сопственост, ништовност на договор, развод на брак, издршка и сл.)

-вредност на предметот на спорот

-денот на заклучувањето на главната расправа,

-назначување на странките, на нивните застапници и полномошници кои присуствувале на денот на заклучувањето на главната расправа

-денот кога е донесена одлуката

-број на предметот под кој е заведен во уписникот согласно Судскиот деловник

-точно и јасно означување на тужбеното барање и дали истото е прецизирано/преиначено, со податоци што се однесуваат на главната работа и на споредните барања **(и податоци за**

**постоењето или непостоењето на побарувањето истакнато заради пребивање (член 322 од ЗПП) и за противтужбата).**

- барањата и наводите на странките за фактите врз кои се засноваат тужбата и одговорот на тужба или кои евентуално се истакнати во дополнителни поднесоци **(и на одржаните рочишта)**

-означување на доказите кои се предложени од секоја од странките во спорот ( на пр: број на договор, вештачење, име и презиме на сведоците,број на имотен лист со податок за КО, геодетски елаборат, Извод од МКУ, МКВ, МКР, број и датум на фактура или завршна/времена ситуација и сл.) со податоци дали се доставени **(односно предложени)** во дозволена фаза од постапката или евентуално се доставени **(односно предложени надвор од роковите предвидени во ЗПП за предлагање на докази)**

-прописите кои се потребни за одлуката ( на пример: ЗПП, ЗОО, ЗРО, Колективен договор, ЗС, ЗТД, ЗСДСП, ЗАДСП, ЗН, Адвокатска тарифа и сл.)

-податоци за бројот на одржани и одложени рочишта со податоци за присуство/отсуство на странките, односно нивните полномошници, **(како и замешувачот, сведоците, вештаците)** дали некои од рочиштата биле одложени поради отсуство на судијата **(или други причини на страната на судот)** и податоци за доставени образложени и необразложени поднесоци и дали се изготвени од странките или од нивните полномошници, кои се потребни за одмерување на трошоците на постапката

-податоци за основите и висината на трошоците чиј надомест го бара секоја од странките во спорот **(или замешувачот)**-трошковник

-изготвувачот на студијата на случај, потребно е да подготви и пет прашања кои произлегуваат од материјалното право **(или процесното право)** и се поврзани со конкретната студија на случај.